Дневни билтени

2015

- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

# Извадок на дел дневните настани 05.11.2022

На 04.11.2022 во 20.00 часот полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода А.А.(21) од Скопје, поради тоа што при извршен претрес во неговиот дом на подрачјето на Кисела Вода, по претходна судска наредба, биле пронајдени и одземени повеќе пакувања со марихуана и дигитална вага со остатоци од марихуана. Исто така, во неговиот дом биле затекнати при употреба на марихуана и лишени од слобода М.П.(20), С.Г.(22), В.С.(19) и П.Ѓ.(22), сите од Скопје. По целосно документирање на случајот против лицата ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.11.2022 во 00.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода А.Т.(33) од Скопје, Ф.Д.(24) и С.Д.(22), двајцата од Тетово, затоа тоа што кај нив била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.11.2022 во 15.30 часот на подрачјето на Аеродром, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода малолетник од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.11.2022 во 15.10 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.С.(37) од Скопје, затоа тоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.11.2022 во 21.15 часот во с.Пирок, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Х.Н.(28) од Гостивар. При негов и преглед на патничко возило „опел корса“, со гостиварски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.11.2022 во 20.25 часот во с.Слатино, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Ш.С.(22) од с.Требош, тетовско, бидејќи при негов и при преглед на патничко возило „голф“, со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, бил пронајден и одземен кокаин. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (04.11.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.
На територија на град Скопје изречени се вкупно 197 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 15 санкции, четири санкции за прекршоци што ги прават пешаците, 26 мерки за непрописно престројување на возила. Изречени се шест мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), 10 санкции за технички неисправни возила во јавниот превоз, девет мерки за користење мобилен телефон...

На 04.11.2022 во 22.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.П.Г.(39) од Скопје пријавила дека на ул.„Доситеј Обрадовиќ“ нејзиното малолетно дете било каснато од куче скитник.

На 04.11.2022 година, при извршени сообраќајни контроли, полициските службеници во Охрид затекнале и од сообраќај исклучиле 2 технички неисправни возила, додека во Струга, поради управување моторно возило под дејство на алкохол, од сообраќај е исклучен еден возач на моторно возило, а 6 пешаци во Струга, 3 во Кичево и 3 во Дебар се затекнати при небезбедно преминување коловоз, на места каде нема обележан пешачки премин. За констатираните прекршоци издадени се соодветни платни налози.

На 04.11.2022 во 12.05 часот во Полициската станица Аеродром, С.Д.(50) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ“ била касната од куче скитник.

На 04.11.2022 во 18.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, М.К.(34) од Скопје пријавила дека во с.Сопиште нејзината малолетна ќерка била касната од куче скитник.

На 05.11.2022 во 14.05 часот полициски службеници од Единицата за интервентна полиција на подрачје на ЕВР Гази Баба го лишија од слобода Б.Ш.(26) од Скопје, бидејќи кај него бил пронајден пиштол „Црвена застава“ 7.62 мм и рамка со шест куршуми, за кој не поседувал дозвола. Тој е приведен и по комплетно документирање на случајот против него ќе биде поднесен поднесок по член 396 од Кривичниот законик.

Во текот на вчерашниот ден (04.11.2022) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 163 возачи. Од нив 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 71 возач ја пречекорил брзината во населено место, а 92 надвор од населено место.

На 05.11.2022 во 01.15 часот полициски службеници од ОВР Кочани ги лишиле од слобода Џ.Ц.(29), Џ.Б.(33), И.К.(27), М.М.(30), Д.Д.(21), Г.Т.(25) и Б.С.(22), бидејќи пред угостителски објект во трговски центар во Кочани, по претходна расправија, започнале меѓусебна физичка пресметка во која учествувале Џ.Б., М.М., К.А., И.К. и Џ.Ц. од една страна, а Л.Т., Г.Т., Д.Д. и Б.С., од друга, а бил употребен и стаклен предмет. При полициска интервенција Џ.Ц. попречувала полициски службеник во вршење на службени дејствија. Од полициски службеник во воздух биле испукани два предупредувачки истрели, лицата биле приведени во полициска станица, а Џ.Б. и Л.Т., поради исеченици со кои се здобиле при пресметката, биле пренесени во Општа болница Кочани. Во координација со Јавен обвинител, по целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 04.11.2022 во 21.10 часот Б.С.(54) од Скопје пријавила околу 20.30 часот на подрачјето на Карпош, по претходно недоразбирање околу сообраќајот, била физички нападната од В.И.(59) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2022 во 14.40 часот И.П.(55) од Скопје пријавила дека околу 12.30 часот на подрачјето на Карпош била физички нападната од В.Б.(32) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2022 во 13.30 часот во с.Форино, гостиварско, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода Џ.А.(40) од истото село, кој претходно бил пријавен дека во неговиот дом физички нападнал членови на неговото семејство. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против С.А.(34) од Свети Николе, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги, психотропни супстанции и прекурсори“ и „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материјали. На 07.10.2020, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле 74 парчиња пиротехнички средства – петарди и марихуана.

На 04.11.2022 во 15.06 часот во СВР Скопје од Итна медицинска помош било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ со тешка телесна повреда бил донесен Ќ.Р.(48) од с.Љуботен, скопско. Според пријавеното, тој бил физички нападнат од три лица на подрачјето на Бит Пазар. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.11.2022 во 22.30 часот И.Д.(18) од с.Мирковци, скопско, пријавил дека околу 21.15 часот во Градскиот парк во Скопје бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.11.2022 во 01.52 часот А.Љ.(33) од Скопје пријавил дека околу 01.30 часот на подрачјето на Чаир бил физички нападнат со тврд предмет од А.Љ.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.11.2022 во 22.10 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, М.Т.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„Панко Брашнаров“ бил каснат од куче скитник.

На 04.11.2022 во 13.40 часот во тетовско село полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Е.Р.(56), кој претходно бил пријавен дека во неговиот дом со остар предмет ѝ нанел повреда на неговата 54-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2022 во 13.45 часот А.А.(22) од с.Пршовце, тетовско, пријавил дека околу 12.15 часот во Тетово, пред угостителски објект, бил физички нападнат од М.С. од с.Стримница, тетовско. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (05.11.2022) во периодот од 00.00 часот до 04.00 часот од страна на секторите за внатрешни работи и патролни тимови составени од полициски службеници од Одделот за униформирана полиција, спроведена е акциска контрола во угостителски објекти на територијата на цела држава. При контролата, седум лица биле затекнати без документ за лична идентификација, а констатирано било едно кривично дело за точење на алкохол на малолетници.

На 04.11.2022 во 14.10 часот И.Е.(49) од Гостивар, вработен како обезбедување во казино во Гостивар, пријавил дека околу 07.10 часот, додека извршувал работни задачи, по претходна расправија, бил физички нападнат од Л.Н.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против М.Д.(34) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 30.03.2022 полициски службеници извршиле преглед врз пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 04.11.2022 во 22.15 часот било пријавено дека во Кратово, по претходно недоразбирање, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Б.И.(34) од Скопје и М.Д.(33) од Кратово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 04.11.2022 во 19.30 часот М.Ј.(26) од Куманово пријавила дека околу 18.30 часот во Куманово била физички нападната од нејзиниот девер В.Ј.. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.11.2022 во 18.00 часот Д.М.(45) од Битола пријавил дека околу 12.30 часот во Битола, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од Е.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 04.11.2022 во 19.50 часот П.Н.(42) од Штип пријавил дека околу 19.00 часот во казино во Штип бил физички нападнат од Д.В.(43) од Штип. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 05.11.2022 во 01.00 часот С.И.(40) од Велес пријавила дека на 04.11.2022 околу 23.15 часот во Велес нејзината малолетна ќерка била физички нападната од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Ш.Б.(36) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори“. При преглед извршен на 14.08.2022 година кај месноста „Осломешка раскрсница“ полициските службеници кај него пронајдоа и одзедоа ќеса со кокаин.

На 04.11.2022 во 14.30 часот А.Р.(46) од с.Раштак, скопско, пријавил дека околу 13.05 часот во с.Сингелиќ, скопско, во автобус бр.65, неговиот малолетен син бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.11.2022 во 18.15 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Р.М.(32) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината малолетна ќерка Б.М.(14). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.11.2022 во 18.25 часот било пријавено дека во Скопје, во аптека на подрачјето на Аеродром, едно лице со закана од вработените одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет